РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Сектор за макроекономска политика



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

декември, 2015 година

# СОДРЖИНА

Резиме ....................2

I. Реален сектор

Индустриско производство ....................3

Број на работници во индустријата ....................4

Деловни тенденции во преработувачката индустрија ....................4

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ....................4

Инфлација ....................5

Берзански цени ....................6

2. Надворешно-трговска размена

Извоз ....................8

Увоз ....................9

Салдо на трговска размена ....................10

Валутна структура ....................10

3. Фискален сектор

Буџетски приходи .................... 11

Буџетски расходи ....................12

Буџетско салдо ....................13

4. Социјален сектор

Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ ....................13

Плати ....................14

Пензии ....................15

5. Монетарен сектор

Примарни пари .................... 156

Депозитен потенцијал ....................16

Кредити на банките ....................17

Каматни стапки на депозитни банки ....................17

Пазар на капитал ....................17

Девизни резерви ....................18

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

декември, 2015 година

- Индустриското производство во декември 2015 година во споредба со декември 2014 година забележа раст од 10,5%;

- Потрошувачките цени во декември 2015 година се намалија за 0,3% на годишна основа, по падот од 0,3% регистриран претходниот месец;

- Извозот во периодот јануари – декември 2015 година забележа раст од 8,8%, а увозот 5,3%, што резултираше со стеснување на трговскиот дефицит за 2,1% споредено со истиот период минатата година;

- Во периодот јануари – декември 2015 година вкупните приходи на Буџетот изнесуваа 161.207 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 10,5% во однос на истиот период 2014 година. Вкупните расходи на Буџетот изнесуваа 180.632 милиони денари, што е за 7,5% повеќе во однос на 2014 година;

- Вкупните кредити на банките забележаа раст од 9,5% на годишна основа, а вкупниот депозитен потенцијал на банките раст од 6,5%.

# РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Во декември 2015 година, индустриското производство забележа раст од 10,5% во споредба со декември 2014 година, со што продолжи периодот на висок раст на производството. Притоа, раст е забележан во сите сектори, и тоа: Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 12,1%, Преработувачка индустрија од 11,7% и Рударство и вадење камен од 4,9%.




Најголем позитивен придонес во годишната промена на индустриското производство во декември 2015 година има Производството на тутунски производи (2,6 п.п.), а најголем негативен придонес Производството на облека (1,1 п.п.).




На кумулативна основа, индустриското производство во 2015 година во однос на 2014 година забележа раст од 4,9%. Раст е забележан во секторите Преработувачка индустрија од 6,0% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 3,2%, додека во секторот Рударство и вадење камен е забележан пад од 1,4%.

Податоците за индустриското производство по наменски групи во декември 2015 во однос на декември 2014 година покажуваат зголемување на производството во сите групи, и тоа: Енергија од 19,7%, Капитални производи од 16,3%, Нетрајни производи за широка потрошувачка од 10,7%, Интермедијарни производи, освен енергија од 6,7% и Трајни производи за широка потрошувачка од 1,5%.

На кумулативна основа, во 2015 година во однос на 2014 година раст е забележан во сите наменски групи, и тоа: Капитални производи од 23,6%, Трајни производи за широка потрошувачка од 5,6%, Нетрајни производи за широка потрошувачка од 4,9%, Интермедијарни производи, освен енергија од 0,2% и Енергија од 0,2%.

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата на годишно ниво во декември 2015 година забележа раст од 1,7%. Растот се должи на зголемениот број работници во секторот Преработувачка индустрија од 2,0%. Пад е забележан во секторот Рударство и вадење камен од 0,8%, додека бројот на работници во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација остана непроменет.

На кумулативна основа, бројот на работници во индустријата во 2015 година во споредба со 2014 година е зголемен за 1,8%. Раст е забележан во секторот Преработувачка индустрија од 2,4%, додека пад е забележан во секторите Рударство и вадење камен од 3,6% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 1,0%.




Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во декември 2015 година во однос на истиот период минатата година покажуваат дека зголемување на бројот на работници има кај групите: Капитални производи за 16,3% и Интермедијарни производи, освен енергија за 4,5%, додека пад е забележан кај групите: Трајни производи за широка потрошувачка за 4,8%, Нетрајни производи за широка потрошувачка од 1,7% и Енергија од 0,5%.

На кумулативна основа, во 2015 година во однос на 2014 година раст на бројот на работници е забележан во следните наменски групи: Капитални производи од 18,8%, Интермедијарни производи, освен енергија од 2,9% и Трајни производи за широка потрошувачка од 0,3%. Намалување на бројот на работници е забележан во групите Енергија од 3,2% и Нетрајни производи за широка потрошувачка од 1,0%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во декември 2015 година е поповолна во однос на ноември 2015 година, како и во однос на истиот месец претходната година.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во декември изнесува 64,5%, што претставува зголемување во однос на претходниот месец, кога изнесуваше 64,1%. Споредено со декември 2014 година, искористеноста на капацитетите е повисока за 3,2 п.п..

Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во декември 2015 година имаат следните фактори: недоволната домашна побарувачка со 25,0%, недостигот на квалификувана работна сила со 24,7%, недоволната странска побарувачка со 23,4%, финансиските проблеми и конкурентниот увоз со 4,9%, соодветно, и неизвесното економско окружување со 4,4%.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во декември во однос на ноември 2015 година е поповолна, како и очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци, додека залихите на готови производи се зголемени.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во декември 2015 година издадени се 336 одобренија за градење, што претставува зголемување од 10,2% во однос на декември 2014 година. Во однос на претходниот месец кога биле издадени 318 одобренија за градење, бројот на овие одобренија е зголемен за 5,7%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во декември 2015 година, во однос на истиот месец претходната година е зголемена за 40,0%. Во однос на ноември 2015 година, вредноста на објектите бележи намалување од 18,7%.




Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 216 (или 64,3%) се наменети за објекти од високоградба, 49 (или 14,6%) за објекти од нискоградба и 71 (или 21,1%) за објекти за реконструкција.




Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 336 издадени одобренија за градба, на 216 (или 64,3%) објекти како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 120 објекти (или 35,7%) инвеститори се деловни субјекти.

Во декември 2015 година предвидена е изградба на 919 стана, со вкупна корисна површина од 65.430 м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба е

зголемен за 15,6% на годишно ниво, а во однос на претходниот месец е зголемен за 70,5%.

## Инфлација

Потрошувачките цени во декември 2015 година се намалија за 0,3% на годишна основа, по падот од 0,3% регистриран претходниот месец. Просечната стапка на инфлација во периодот јануари - декември 2015 година изнесува -0,3%.

Категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, која има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, во декември забележа годишен пад на цените од 1,3%, како резултат на намалените цени во повеќе поткатегории, при што падот е највисок во поткатегориите Зеленчук од 8,7% и Месо од 2,6%.




Годишен пад на цените во декември е регистриран и во категориите Транспорт и Комуникации, при што цените во овие категории се намалени за 5,2% и 3,6%, соодветно. Највисок годишен раст на цените е забележан во категоријата Алкохолни пијалаци, тутун од 5,1%, следена со порастот на цените во категориите Рекреација и култура од 3,7%, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина и Ресторани и хотели од по 2,4%, Здравје од 1,5%, Облека и обувки и Останати стоки и услуги од по 0,8%, Образование од 0,4% и Домување, вода, електрика, гас и други горива од 0,3%.




Потрошувачките цени во декември 2015 година се намалија за 0,1% во однос на претходниот месец.

Месечен пад на цените е регистриран во категориите: Здравје од 1,6%, Храна и безалкохолни пијалаци од 0,3% и Транспорт од 0,1%. Зголемување на цените на месечно ниво е забележано во категориите: Ресторани и хотели од 1,4%, Рекреација и култура од 0,8%, Комуникации од 0,6%, Останати стоки и услуги од 0,2% и Облека и обувки од 0,1%. Цените во категориите Алкохолни пијалаци, тутун, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина, Домување, вода, електрика, гас и други горива и Образование останаа непроменети.

Цените на мало во декември 2015 година во однос на декември 2014 година се намалени за 0,4%, додека споредено со претходниот месец се повисоки за 0,1%. Цените на мало во периодот јануари - декември 2015 година се намалени за 1,3%.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во декември 2015 година забележа пад од 15,1% на месечно ниво и изнесуваше 37,7 долари за барел. Во однос на декември 2014 година, цената на нафтата е пониска за 39,5%. Цената на природниот гас во декември 2015 година се намали за 4,4% на месечно ниво.




Што се однесува до металните производи, никелот како производ со високо учество во македонскиот извоз во декември 2015 година се тргуваше со просечна цена од 8.708 долари за еден метрички тон ($/мт), што претставува намалување на цената од 5,8% во однос на ноември. Во рамки на основните метали, месечен пад на цените во декември забележаа и цинкот од 3,5%, бакарот од 3,4% и калајот од 0,4%, додека месечно зголемување на цените забележаа оловото од 5,5% и алуминиумот од 2,0%. Цената на железната руда во



декември 2015 година во однос на претходниот месец бележи пад од 12,8%.

Во однос на благородните метали, цената на платината во декември се намали за 2,8%, на среброто за 2,5% и на златото за 1,7%.

Анализирано на месечна основа, во декември цената на пченицата на светските берзи се намали за 1,8%, а на пченката за 1,3%. Цената на јагнешкото месо во декември 2015 година во однос на претходниот месец забележа намалување од 2,4%.

# *НАДВОРЕШНО – ТРГОВСКА РАЗМЕНА*

Вкупната надворешно - трговска размена во 2015 година изнесува 9.828,2 милиона евра, што претставува раст од 6,7% во однос на минатата година.




Во 2015 година, најголемо учество во вкупната размена има размената на Република Македонија со Европската унија (ЕУ 28), кое изнесува 68,3%, што претставува намалување од 0,5 п.п. во однос на претходната година.

## Извоз

Во 2015 година вредноста на извезените стоки изнесува 4.051,2 милиона евра и бележи раст од 8,8% (328,3 милиони евра) во однос на 2014 година, а физичкиот обем на извозот бележи пад од 0,9%.




Вредноста на извезените стоки во декември 2015 година изнесува 325,8 милиони евра и бележи раст од 11,3% (33,2 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот се зголемил за 10,0%.

Анализирано на месечно ниво, во декември 2015 година извозот бележи пад од 9,5% (34,2 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, тој регистрира месечен пад од 7,0%.

Главни групи производи (според СМТК) со најголемо учество во извозот во 2015 година се: хемиски материи и производи, железо и челик, облека, метална руда и отпадоци од метал, пијалаци и тутун и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 51,9% од вкупниот извоз на државата.




Анализирано според економските групации на земјите, во 2015 година споредено со 2014 година извозот бележи раст кај групациите: ЕУ 28, ЕФТА и Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот регион, додека пад има кај групациите: Организација на земјите - извознички на нафта и нафтени деривати, Западен Балкан, Северноамериканска зона на слободна трговија и Заедница на независни држави. Извозот во ЕУ 28 бележи раст од 9,6% на годишно ниво, а кај земјите од Западен Балкан пад од 2,0%, при што извозот на стоки во ЕУ 28 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Македонија учествува со 77,2% и 12,6% соодветно.

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во 2015 година изнесува 5.776,9 милиони евра и бележи раст од 5,3% (292,0 милиони евра) во однос на 2014 година, а физичкиот обем на увозот бележи раст од 5,2%.




Вредноста на увозот во декември 2015 година изнесува 536,5 милиони евра, што претставува зголемување за 8,0% (39,6 милиони евра) во однос на истиот месец од 2014 година, а увезените количини стоки се зголемени за 26,1%.

Анализирано на месечно ниво, во декември 2015 година увозот бележи раст од 2,9% (14,9 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, тој регистрира месечен пад од 0,1%.

Табела 1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи на производи

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - XII - 2014 | I - XII - 2015 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 130,0 | 65,0 | -65,0 | -50,0 |
| Мил. ЕУР | 55,2 | 34,3 | -20,9 | -37,9 |
| Мил.$ | 73,2 | 38,0 | -35,2 | -48,1 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - XII - 2014 | I - XII - 2015 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 939,2 | 927,6 | -11,6 | -1,2 |
| Мил. ЕУР | 531,0 | 411,7 | -119,4 | -22,5 |
| Мил.$ | 707,0 | 456,5 | -250,5 | -35,4 |

*)Претходни податоци

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - XII - 2014 | I - XII - 2015 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 14,6 | 15,5 | 1,0 | 6,7 |
| Мил. ЕУР | 655,4 | 779,2 | 123,8 | 18,9 |
| Мил.$ | 867,4 | 863,3 | -4,1 | -0,5 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - XII - 2014 | I - XII - 2015 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 31,6 | 31,2 | -0,5 | -1,4 |
| Мил. ЕУР | 89,8 | 126,9 | 37,1 | 41,3 |
| Мил.$ | 119,1 | 140,4 | 21,2 | 17,8 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - XII - 2014 | I - XII - 2015 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 595,6 | 584,2 | -11,4 | -1,9 |
| Мил. ЕУР | 544,8 | 518,0 | -26,8 | -4,9 |
| Мил.$ | 723,2 | 573,4 | -149,8 | -20,7 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - XII - 2014 | I - XII - 2015 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 556,0 | 646,1 | 90,1 | 16,2 |
| Мил. ЕУР | 273,5 | 292,5 | 19,1 | 7,0 |
| Мил.$ | 361,8 | 323,5 | -38,3 | -10,6 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во 2015 година трговскиот дефицит се намали за 2,1% односно 36,3 милиони евра споредено со минатата година.




Трговскиот дефицит во декември 2015 година се зголеми за 3,1% односно 6,4 милиони евра споредено со декември минатата година.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, намалувањето на дефицитот е резултат на комбиниран ефект од: стеснетото негативно салдо во размената со горива и мазива, стоки за инвестиции без транспортна опрема и транспортна опрема, додека во спротивна насока дејствуваше проширувањето на негативното салдо во размената со индустриски набавки, храна и пијалаци и стоки за широка потрошувачка.

Во 2015 година 75,4% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Грција, Србија и Кина, а потоа следуваат: Турција, Италија, Јужна Африка, Русија, Романија, Австрија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Белгија, Шпанија и Босна и Херцеговина.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура 82,2% од трговската размена во 2015 година е реализирана во евра, што во однос на 2014 година претставува зголемување од 2,4 п.п.. На страната на извозот и увозот, во однос на 2014 година, еврото е застапено со

88,4% и 77,9%, соодветно, при што застапеноста на еврото во извозот е зголемена за 0,9 п.п., додека застапеноста на еврото кај увозот е зголемена за 3,2 п.п..

| Надворешно трговска размена на Република Македонија (по валути ); пресметки на МФ | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| увоз | I - XII - 2014 | | | | | I - XII - 2015 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 3.197,0 | 4.097.274.766 | 61,6228 | 252.485.543.421 | 74,7 | 3.518,5 | 4.502.701.486 | 61,6098 | 277.410.537.992 | 77,9 | 405.426.720 | 9,9 |
| УСД | 2.628,2 | 1.478.932.820 | 46,4431 | 68.686.224.866 | 20,3 | 2.610,8 | 1.330.555.659 | 55,4968 | 73.841.581.280 | 20,7 | -148.377.162 | -10,0 |
| ГБП | 6,1 | 186.669.726 | 76,4506 | 14.271.012.580 | 4,2 | 6,7 | 21.261.113 | 84,8680 | 1.804.388.097 | 0,5 | -165.408.614 | -88,6 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 5.831,3 | | | 335.442.780.867 | 95,0 | 6.135,9 | | | 353.056.507.369 | 99,2 | | |
| вк извоз: | 5.843,1 | | | 338.018.097.033 | 100,0 | 6.148,0 | | | 355.947.710.674 | 100,0 | | 5,3 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРМ

# *ФИСКАЛЕН СЕКТОР*

## Буџетски приходи

Во периодот јануари - декември 2015 година вкупните приходи на Буџетот изнесуваа 161.207 милиони денари, односно 29,2% од БДП, што претставува поголемо остварување за 10,5% во однос на истиот период од 2014 година.

Даночните приходи во овие дванаесет месеци се реализирани во износ од 91.357 милиони денари, односно 16,5% од БДП и во однос на истиот период од 2014 година се зголемени за 9,0%.




Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 41.694 милиони денари, односно 7,5% од БДП, при што учеството на ДДВ во вкупните даночни приходи во овој период е доминантно и изнесува 45,6%. Акцизите се остварени во износ од 19.783 милиони денари (учество од 21,7% во даночните приходи). Така, во овој дванаесетмесечен период од овие два индиректни данока се остварени приходи од 61.477 милиони денари, што претставува 67,3% од вкупните даночни приходи (11,1% од БДП). Притоа, ДДВ е наплатен во бруто износ од 61.038 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 19.344 милиони денари (бруто наплатата е повисока за 2,8%, додека повратот по основ на ДДВ е повисок за 24,6% споредено со истиот период од 2014 година).

Во структурата на наплатата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ од увоз кој забележува зголемување од 2,7%, додека ДДВ од прометот во земјата забележува раст од 4,6%. Учеството на ДДВ донациите е незначително и забележува помало остварување за 84,5%. Набљудувано по одделни категории даноци, приходите од

персоналниот данок се остварени во износ од 12.910 милиони денари и забележуваат раст од 4,8% на годишна основа, при што околу 2/3, односно 67,6% од персоналниот данок претставува приходот од данокот на плати и други лични примања, 7,0% од приходи од игри на среќа и наградни игри, 6,1% по основ на договор на дело, 6,4% од приходи од капитал и 3,8% од приходи од имот и имотни права. Споредено со истиот период во 2014 година приходите од данокот на добивка во износ од 12.024 милиони денари забележаа зголемување од 137,6%, што главно е резултат на данокот наплатен по основ на даночни биланси со учество од 44,3% во вкупниот данок на добивка, по месечни аконтации со 42,6%, од исплатена дивиденда и друга распределба од добивката учество од 5,8% и 6,5% по основ на задржан данок на исплатените приходи на странски правни лица.

Приходите од ДДВ забележаа намалување од 4,9%, додека акцизите забележаа зголемување од 13,7%. Приходите од царина беа остварени во износ од 4.330 милиони денари и забележаа зголемена реализација за 2,5%. Приходите од други даноци со остварен износ од 616 милиони денари забележаа намалување од 37,8%.

Неданочните приходи беа остварени во износ од 12.859 милиони денари и во однос на истиот период во 2014 година забележаа раст од 20,9% (во овие приходи се приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди се оствариja во износ од 2.265 милиони денари, што претставува зголемување од 20,9% во однос на истиот период претходната година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се оствариja во износ од 4.733 милиони денари, односно за 39,9% повеќе во однос на истиот период лани.

Социјалните придонеси од плата се остварени во износ од 47.900 милиони денари, што е за 8,4% повеќе споредено со истиот период од 2014 година, при што зголемување на наплатата се забележува кај придонесите од пензиско и инвалидско осигурување од 8,4%, кај придонесите за здравствено осигурување од 8,5% и кај придонесите за вработување од 8,4%.

### Буџетски расходи

Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари - декември 2015 година изнесуваа 180.632 милиони денари, односно 32,7% од БДП, што е за 7,5% повеќе во однос на 2014 година.

Тековните расходи во износ од 161.965 милиони денари се зголемени за 7,7% во однос на истиот период во 2014 година. Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите кои изнесуваа 112.734 милиони денари и истите учествуваа со 62,4% во вкупните расходи.

Платите и надоместоците беа реализирани во износ од 24.685 милиони денари, така што нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 13,7%, а во однос на 2014 година се зголемени за 6,9%. Расходите за стоки и услуги

износуваа 18.088 милиони денари, со учество од 10,0% во вкупните расходи и споредено со истиот период од 2014 година реализирани се за 16,9% повеќе.

Социјалните трансфери изнесуваа 82.903 милиони денари и забележаа раст од 5,8% споредено со истиот период од 2014 година и учествуваа со 45,9% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, со износ од 50.285 милиони денари, со реализација која е зголемена за 4,6%, споредено со истиот период од 2014 година и учество од 27,8% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 15,6%, односно забележа зголемување од 2,8%, споредено со истиот период од 2014 година. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 14.590 милиони денари беа реализирани за 2,4% повеќе во однос на истиот период претходната година. Субвенциите, кои се реализирани во износ од 11.916 милиони денари, учествуваат со 6,6% во вкупните расходи.

Каматите се реализирани во износ од 6.458 милиони денари, што е за 26,9% повеќе во споредба со истиот период во 2014 година. Ваквото остварување е поради исплата на доспеани обврски за камати од задолжување во странство и во земјата. Трошоците за камати од домашно задолжување беа зголемени за 6,6%, додека каматите за задолжување во странство беа зголемени за 46,9%.

Во анализираниот дванаесетмесечен период средствата за капитални расходи беа реализирани во износ од 18.667 милиони денари, со структурно учество од 10,3% во вкупните расходи (3,4% учество во БДП), што е за 5,9% повеќе споредено со истиот период од 2014 година.

### Буџетско салдо

Во периодот јануари - декември 2015 година во Буџетот на Република Македонија е остварен дефицит од 19.425 милиони денари, односно 3,5% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет изнесува 16.261 милион денари.

# *СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР*

### Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ

Во периодот јануари – декември 2015 година во Агенцијата за вработување на Република Македонија регистрирани се вкупно 189.852 нови засновани работни односи. Вкупниот број



нововработени во овој период е поголем за 6,6% во однос на истиот период од 2014 година.

Од вкупниот број нововработени, 47,8% се вработени на неопределено време, додека останатиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број засновани нови работни односи во декември 2015 година 22,6% се од евиденцијата на невработени.

Вкупниот број невработени лица изнесува 210.747, од кои 114.979 се активни баратели на работа, а 95.768 се останати невработени лица. Во однос на истиот месец претходната година, вкупниот број невработени лица е намален за 5,8%.

Најголем дел од невработените лица (68,8%) се градско население, а 59,1% се мажи.




Според степенот на образование, поголемиот дел, односно 54,1% од невработените се со непотполно средно образование или помалку, 30,3% се со завршено средно образование, додека 15,6% имаат вишо или повисоко ниво на образование.

По возрасни групи, најголемиот дел или 53,4% од невработените припаѓаат на возрасната група 25-49 години. Според времето на чекање на вработување, 51,8% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 10,2% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати




Просечната номинална нето-плата во ноември 2015 година оствари годишен раст од 1,8%, а во однос на претходниот месец е пониска за 1,1%. Најголем раст на просечната нето–плата се забележува во следните сектори: Други услужни дејности (9,2%), Административни и помошни услужни дејности (8,4%) и Градежништво (7,1%). Реалните плати во ноември забележаа годишен раст од 2,1%.

Просечната номинална бруто-плата во ноември 2015 година оствари годишен раст од 2,0%, а во однос на претходниот месец таа е пониска за 1%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата се забележува во следните сектори: Други услужни дејности (9,5%), Административни и помошни услужни дејности (8,6%) и Градежништво (7,6%). Реалната бруто плата забележа годишен раст од 2,3%.




Процентот на вработени кои не примиле плата во ноември 2015 година изнесува 1,2% и во однос на истиот месец претходната година е повисок за 0,1 п.п, а е непроменет во однос на октомври 2015 година.

## Пензии

Во декември 2015 година во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување евидентирани се 301.568 пензионери, што претставува зголемување од 1,9% во однос на истиот период минатата година. На месечно ниво, бројот на корисници на пензија е зголемен и изнесува 1.698 лица. Од вкупниот број пензионери, 60,7% се корисници на старосна пензија, 25,5% на семејна пензија и 13,8% на инвалидска пензија.




Просечната пензија во декември 2015 година изнесува 13.068 денари и е за 4,9% зголемена во однос на истиот месец минатата година. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во ноември 2015 година (последни расположливи податоци) изнесува 59,4%.

Просечната старосна пензија во декември изнесува 14.449 денари, просечната инвалидска пензија изнесува 11.798 денари, а просечната семејна пензија 10.439 денари. За исплата на пензиите во декември 2015 година се потрошени 3.809,47 милиони денари, што претставува 55,6% од вкупните социјални трансфери.

# *МОНЕТАРЕН СЕКТОР*

Во декември 2015 година, Народна банка на Република Македонија, во услови на стабилни движења, одлучи да ја задржи каматната стапка на благајничките записи на нивото од 3,25%. Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 0,5%.

## Примарни пари

Валутна структура на депозити и кредити во декември 2015 година; Извор: НБРМ




Во декември 2015 година, примарните пари[1] регистрираа раст од 0,6% на годишна основа, во услови на раст на готовите пари во оптек од 13,8%, додека вкупните ликвидни средства на банките регистрираа намалување од 10,7%.

На месечно ниво, примарните пари забележаа раст од 2,6%, при раст на готовите пари во оптек од 8,5% и пад на вкупните ликвидни средства на банките од 3,1%.

## Депозитен потенцијал

Во декември 2015 година, вкупните депозити на банките регистрираа раст од 2,7% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на приватните претпријатија и депозитите на домаќинствата забележаа раст од по 7,2% и 1,7%, соодветно.

| **Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор ( декември 2015 година)** | **Во милиони денари** | **Месечна промена** | **Годишна промена** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | **304.552** | **2,7%** | **6,5%** |
| Денари | *181.898* | 3,9% | 6,7% |
| Странска валута | *122.654* | 1% | 6,2% |
| Краткорочни | *148.405* | 0,8% | 1,4% |
| Долгорочни | *81.324* | 0,3% | 4,3% |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | **279.871** | **3,3%** | **9,5%** |
| Денари | *223.309* | *3,1%* | 12,1% |
| Странска валута | *56.562* | 4,2% | 0,3% |

[1]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

Извор: НБРМ

Од аспект на валутата, споредено со претходниот месец депозитите во домашна валута и депозитите во странска валута се зголемија за по 3,9% и 1%, соодветно.

Вкупниот депозитен потенцијал во декември 2015 година оствари раст од 6,5% на годишна основа. Анализирано според валутата, растот беше воден од депозитите во домашна валута, кои забележаа раст од 6,7%, а депозитите во странска валута се зголемија за 6,2%.




Од аспект на секторот, депозитите на домаќинствата овој месец бележат раст од 4,1%, а депозитите на претпријатијата се зголемија за 10,2%. Според рочноста, долгорочните и краткорочните депозити се зголемија за 4,3% и 1,4%, соодветно. Валутната структура на депозитите и понатаму е стабилна, при што депозитите во домашна валута имаат поголемо учество во депозитната база, кое изнесува 59,7%.

## Кредити на банките

Во декември 2015 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор забележаа раст од 3,3% на месечна основа. Секторската анализа укажува дека во декември кредитите кон домаќинствата се зголемија за 0,8%, а кредитите кон претпријатијата регистрираа раст од 5,2%. Од аспект на валутата, во декември 2015 година денарските кредити се зголемија за 3,1%, а девизните кредити забележаа раст од 4,2% во однос на минатиот месец.

На годишна основа, во декември 2015 година вкупните кредити се зголемија за 9,5%, во услови на раст на кредитите кон претпријатијата од 7,1% и раст на кредитите кон домаќинствата од 12,9%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 12,1%, додека кредитите во странска валута регистрираа раст од 0,3%.

Од аспект на рочноста, пак, долгорочните кредити бележат годишен раст од 12,7%, а краткорочните кредити се повисоки за 3,8%.




## Каматни стапки на депозитни банки

Каматните стапки во декември 2015 година бележат надолни поместувања на месечна основа. Имено, вкупната каматна стапка на кредитите изнесува 6,5% и е намалена за 0,1 п.п. во споредба со

претходниот месец. Каматните стапки на денарските кредити и на девизните кредити се намалени за 0,1 п.п. во однос на минатиот месец и изнесуваат 6,8% и 5,7%, соодветно. Вкупната каматна стапка на депозитите во декември изнесува 1,9% и е непроменета во однос на минатиот месец. Каматните стапки на денарските депозити и девизните депозити се непроменети во однос на минатиот месец и изнесуваат 2,6% и 1,1%, соодветно.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, во декември 2015 година вкупниот промет на берзата регистрираше зголемување од 4,1% на месечно ниво, како резултат на зголемувањето на прометот од блок трансакциите од 21,3%, додека прометот од класичното тргување регистрираше намалување од 7,2%.

Вкупниот промет на берзата во декември 2015 година изнесуваше 372 милиона денари што претставува пад од 49,2% на годишно ниво. Македонскиот берзански индекс МБИ-10 во декември 2015 година изнесуваше 1.833,26 индексни поени, што претставува раст од 3,8% на месечно ниво, додека во однос на истиот месец претходната година индексот е понизок за 0,6%.




## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на декември 2015 година изнесуваа 2.261,8 милиони евра и во однос на претходниот месец се повисоки за 58,3 милиони евра, додека во однос на декември минатата година се намалени за 174,7 милиони евра.

Министерство за финансии

Сектор за макроекономска политика

„Даме Груев“ бр. 12, 1000 Скопје

www.finance.gov.mk